# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 5
31 март 2022 година

Година LVIV


СОДРЖИНА


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 230. | Решение за објавување на Правилник за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари | 418 |
| 231. | Правилник за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари | 418 |
| 232. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на | 430 |

| | | |
|---|---|---|
| | Општинска Јавна установа за деца-детска градинка „Астибо“ Штип за 2022 година | |
| 233. | Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Општинска Јавна установа за деца-детска градинка „Астибо“ Штип за 2022 година | 430 |
| 234. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ Штип за 2022 година | 431 |
| 235. | Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ Штип за 2022 година | 432 |
| 236. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Реконструкција на станбена улица АСНОМ КРАК 1“ Општина Штип | 432 |
| 237. | Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Реконструкција на станбена улица АСНОМ КРАК 1“ Општина Штип | 433 |
| 238. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Изградба на улица број 1 во населба Света Недела“ Општина Штип | 434 |
| 239. | Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Изградба на улица број 1 во населба Света Недела“ Општина Штип | 435 |
| 240. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Сојуз на борците од Народно ослободителната и Антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 година на Општина Штип | 436 |
| 241. | Одлука за одобрување финансиски средства на Сојуз на борците од Народно ослободителната и Антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 година на Општина Штип | 436 |
| 242. | Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор-претставник на совет на родители во ЈУДОДГ„Вера Циривир Трена“ | 437 |

| | | |
|---|---|---|
| | Штип | |
| 243. | Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор-претставник на совет на родители во ЈУДОДГ„Вера Циривир Трена“ Штип | 437 |
| 244. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2022 година | 438 |
| 245. | Програма за измена и дополнување на програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2022 година | 439 |
| 246. | Решение за објавување на Програма за дополнување на програмата за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2022 година | 441 |
| 247. | Програма за дополнување на програмата за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2022 година | 441 |
| 248. | Решение за објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели за периодот од 01.01.2021-31.12.2021 година по програмата за уредување на градежно земјиште | 443 |
| 249. | Заклучок за не усвојување на Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели за периодот од 01.01.2021-31.12.2021 година по програмата за уредување на градежно земјиште | 444 |
| 250. | Решение за објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели за периодот од 01.01.2021-31.12.2021 година по програмата за одржување на патишта и улици | 444 |
| 251. | Заклучок за не усвојување на Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели за периодот од 01.01.2021-31.12.2021 година по програмата за одржување на патишта и улици | 445 |
| 252. | Решение за објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели за периодот од 01.01.2021-31.12.2021 година по програмата за одржување патишта и улици во Општина Штип во зимски услови | 446 |
| 253. | Заклучок за не усвојување на Извештај за работењето | 446 |

| | | |
|---|---|---|
| | на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели за периодот од 01.01.2021-31.12.2021 година по програмата за одржување патишта и улици во Општина Штип во зимски услови | |
| 254. | Решение за објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели за периодот од 01.01.2021-31.12.2021 година по програмата за користење на јавниот простор за паркирање во Општина Штип | 447 |
| 255. | Заклучок за не усвојување на Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели за периодот од 01.01.2021-31.12.2021 година по програмата за користење на јавниот простор за паркирање во Општина Штип | 448 |
| 256. | Решение за објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели за периодот од 01.01.2021-31.12.2021 година по програмата за осветлување на локални патишта и улици во Општина Штип | 448 |
| 257. | Заклучок за не усвојување на Извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“ Штип со финансиски показатели за периодот од 01.01.2021-31.12.2021 година по програмата за осветлување на локални патишта и улици во Општина Штип | 449 |
| 258. | Решение за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишна сметка на ЈП„Стипион 2011“ Штип за 2021 | 450 |
| 259. | Заклучок за не усвојување на Годишна сметка на ЈП„Стипион 2011“ Штип за 2021 | 450 |
| 260. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај на единиците на локална самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите | 451 |
| 261. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај на единиците на локална самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите | 451 |
| 262. | Решение за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишен наративен и финансиски извештај на фондација за развој на информатички технологии и солидарен фонд | 452 |
| 263. | Заклучок за не усвојување на Годишен наративен и финансиски извештај на фондација за развој на информатички технологии и солидарен фонд | 452 |
| 264. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на | 453 |

| | | |
|---|---|---|
| | Годишен извештај за работењето на комуналната инспекција за период од 01.01.-31.12.2021 година | |
| 265. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на комуналната инспекција за период од 01.01.-31.12.2021 година | 454 |
| 266. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2021 година на Општинска Установа за култура „Дом на млади“ Штип | 454 |
| 267. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2021 година на Општинска Установа за култура „Дом на млади“ Штип | 455 |
| 268. | Решение за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишна сметка за 2021 година за СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ Штип | 455 |
| 269. | Заклучок за не усвојување на Годишна сметка за 2021 година за СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ Штип | 456 |
| 270. | Решение за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишна сметка за 2021 година за СОУ „Димитар Мирасчиев“ Штип | 457 |
| 271. | Заклучок за не усвојување на Годишна сметка за 2021 година за СОУ „Димитар Мирасчиев“ Штип | 457 |
| 272. | Решение за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишна сметка за 2021 година за СОУ „Јане Сандански“ Штип | 458 |
| 273. | Заклучок за не усвојување на Годишна сметка за 2021 година за СОУ „Јане Сандански“ Штип | 458 |
| 274. | Решение за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишна сметка за 2021 година за СОУ „Коле Нехтенин“ Штип | 459 |
| 275. | Заклучок за не усвојување на Годишна сметка за 2021 година за СОУ „Коле Нехтенин“ Штип | 460 |
| 276. | Решение за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства за финансирање на проект на д-р Невенка Дуковска | 460 |
| 277. | Одлука за одобрување на финансиски средства за финансирање на проект на д-р Невенка Дуковска | 461 |

230.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА НАГРАДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

I

Се објавува Правилник за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2057/2
30 март 2022 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

231.

Врз основа на 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ број 5/02), член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21) и Одлуката за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 04/22), Советот на Општина Штип, на седницата одржана на 28 март 2022 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАГРАДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со Правилникот за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари (во понатамошниот текст „Правилник“) поблиску се уредува начинот и критериумите врз основа на кои Општина Штип, согласно законските и подзаконските акти, како и на средствата од Буџетот на Општина Штип наменети за оваа цел, ги наградува учениците од основните и средните училишта кои се жители на Општина Штип за остварени успеси на државни и меѓународни натпревари.

Член 2

Со Одлуката за наградување на учениците од Општина Штип за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари, се востановуваат два вида на награди и тоа: стипендија во траење од 12 месеци и еднократна парична награда.

Член 3

Право на наградување имаат сите редовни ученици од основното и средното образование, или лица кои завршиле средно образование пред не повеќе од една учебна година и освоиле најмалку прва, втора или трета награда на државно ниво, натпреварувајќи се во претходната учебна година низ организираниот систем на натпревари (општински, регионални и државен) по некој наставен предмет и кои ги исполнуваат следните општи услови:

- Да се жители на Општина Штип;
- Да се редовни ученици во некое од основните или средните училиште во државата (освен за лицата кои претходната учебна година го завршиле средното образование).

Член 4

Финансиските средства за предвидените награди и стипендии се обезбедуваат од Буџетот на општината и од донации од физички и правни лица преку Фондацијата за информатичка технологија и солидарен фонд.

Средствата за наградите се планираат во Буџетот на општина Штип на годишно ниво, по претходно направена проценка.

Бројот на учениците што може да бидат наградени се одредува согласно расположивите средства за оваа намена.

Советот на Општина Штип може еднаш годишно да ја менува висината на стипендиите и наградите утврдени со овој Правилник.

II. КРИТЕРИУМИ ЗА НАГРАДУВАЊЕ И ВРЕДНОСТ НА НАГРАДИТЕ

Член 5

За доделување годишна стипендија може да се пријават сите жители на Општина Штип кои во претходната учебна година, како ученици од основно или

средно образование, биле наградени на државен натпревар по некој од наставните предмети, или на меѓународен натпревар.

За доделување еднократна парична награда може да се пријават сите жители на Општина Штип кои во претходната учебна година, како ученици од основно или средно образование, биле наградени на меѓународни натпревари од природно - математичките и техничките науки.

Под меѓународен натпревар се подразбира натпревар на кој учествуваат ученици од најмалку 10 (десет) различни држави, на кој се споредуваат знаењата помеѓу учениците од различни држави и се врши рангирање на најдобрите ученици од сите земји учеснички.

Член 6

Доколку ученикот/ученичката е наградуван/а на повеќе од еден натпревар, при доделувањето поени (рангирање) му/ѝ се вреднуваат најдобрите три постигнувања.

Член 7

Бодирањето на учениците се прави според дадената табела, за најмногу три натпревари. Со „Р“ е означен рангот на ученикот/ученичката на натпреварот, односно освоеното место во однос на сите учесници (редниот број на листата со конечни резултети).

За секоја награда на државен натпревар, се доделуваат поени според редицата 1, 2, или 3 (зависно дали освоената награда е прва, втора, или трета, соодветно). Во случаите кога станува збор за освоено прво, второ, или трето место, се доделуваат и дополнителни поени, определени во една од редиците 4, 5, или 6, согласно освоеното место.

За секоја награда на меѓународен натпревар, се доделуваат поени според редицата 7, 8, или 9 (зависно дали освоената награда е прва, втора, или трета, соодветно). Во случаите кога станува збор една од светските олимпијади за ученици, се доделуваат и дополнителни поени, определени во редиците 10, 11, односно 12, соодветно.

| | ПОСТИГНАТ РЕЗУЛТАТ | ПОЕНИ |
|---|---|---|
| 1. | Прва награда на државен натпревар | 100-Р |
| 2. | Втора награда на државен натпревар | 90-Р |
| 3. | Трета награда на државен натпревар | 80-Р |
| 4. | Прво место на државен натпревар | 30 |
| 5. | Второ место на државен натпревар | 20 |
| 6. | Трето место на државен натпревар | 10 |
| 7. | Прва награда / Златен медал на меѓународен натпревар | 100 |
| 8. | Втора награда / Сребрен медал на меѓународен натпревар | 90 |

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Трета награда / Бронзен медал на меѓународен натпревар | 80 |
| 10. | Прва награда / Златен медал на светска олимпијада | 100 |
| 11. | Втора награда / Сребрен медал на светска олимпијада | 70 |
| 12. | Трета награда / Бронзен медал на светска олимпијада | 50 |
| | | |

Член 8

Предвидените средства за наградување на учениците се распределуваат така што 70% ќе се користат за доделување стипендии, а 30% за доделување еднократни парични награди.

Вредноста на стипендијата во траење од 12 месеци изнесува 3.000 денари месечно за првите три ученика кои освоиле најмногу поени, 2.500 денари за наредните три ученика на бодовната листа и 2.000 денари за останатите на кои им е доделена стипендијата.

Вредноста на еднократната парична награда изнесува 30.000 денари.

III. ПОСТАПКА ЗА ВРЕДНУВАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Член 9

Општина Штип објавува Јавен повик за пријавување ученици за доделување награди и стипендии во месец октомври секоја година. Повикот се однесува на постигнувањата на учениците за претходната учебна година.

По исклучок, Јавниот повик за доделување еднократна парична награда може да се повтори (објави) и во било кој друг период од годината, со цел учениците кои го оствариле правото на истата, а не биле опфатени со редовниот повик од одредени причини (задоцнето одржување на натпреварот или неможност за навремено обезбедување на потребната документација, односно доказите за постигнувањата) да може да аплицираат, или доколку повикот не бил објавен во предвидениот рок.

Јавниот повик се објавува на официјалната веб страна на Општина Штип и задолжително се доставува до сите училишта на територијата на општината, со цел учениците кои имаат право на награда да бидат информирани преку своите наставници-ментори. По можност, јавниот повик се објавува и на локалните медиуми и на социјалните мрежи.

Јавниот повик не може да трае помалку од 7 дена и повеќе од 21 ден.

Член 10

По однос на објавениот јавен повик, пријава може да поднесе ученикот, еден од законските старатели на ученикот, или наставникот кој го менторирал ученикот за натпреварот, по претходна согласност на родителот/старателот.

Еден ист ученик има право да поднесе пријава и за двата вида на награда и независно од тоа дали веќе е стипендист или е наградуван од страна на МОН или друга институција или компанија.

Во прилог на пријавата, подносителот е должен да ја достави следната документација:

- Пријава (образец);
- Доказ за идентитетот на ученикот (извод од Матичната книга на родени, копија од лична карта или валидна патна исправа);
- Уверение за државјанство на ученикот;
- Потврда од училиштето дека ученикот е редовен ученик во тоа училиште (или копија од диплома за завршено средно образование во предходната учебна година);
- Лична изјава или изјава потпишана од родител/старател на малолетен ученик за согласност за обработка на личните податоци на ученикот (образец);
- Доказ за постигнатиот успех на државен, односно меѓународен натпревар (диплома и отпечатена ранг-листа, со наведен линк до објавените конечни резултати на веб страната на организаторот на натпреварот, за секој натпревар посебно, доколку има повеќе од еден);
- Трансакциска сметка на ученикот или на родителот/старателот (во вториот случај е потребна и копија од лична карта или од патна исправа на родителот/старателот, како и доказ за соодветната релација помеѓу ученикот и тоа лице).

Член 11

Пријавата и сите обрасци од членот 10 ќе бидат достапни во електронска форма за симнување од веб страната на општина Штип.

Член 12

Советот на Општина Штип формира Комисија за наградување на учениците (во понатамошниот текст „Комисија“).

Комисијата од ставот 1 од овој член е составена од 5 (пет) члена, при што двајца од членовите се од редот на советниците, еден член е од општинската администрација од Одделението за образование, еден член е од редот на наставниците чии ученици имаат освојувано награди на државен натпревар и еден член е истакнат педагошки работник или угледен член на бизнис-заедницата од општината.

Комисијата работи на седници, за што се води соодветен записник. Комисијата полноважно работи ако се присутни повеќе од половината нејзини членови. Одлуката се смета за донесена, доколку ја изгласале мнозинството од членовите на Комисијата.

Комисијата ја проверува комплетноста и основаноста на доставената документација на кандидатите за наградување. По потреба, Комисијата има право да побара дополнување на доставената документација од страна на

подносителот на пријавата, која треба да се достави во рок од 3 (три) работни дена.

Ненавремените и некомплетните документи (пријави) нема да се разгледуваат и бодуваат.

Комисијата е должна да работи совесно, објективно и непристрасно.

Комисијата ги вреднува резултатите на учениците, врши бодирање и изготвува ранг-листа на пријавените кандидати, посебно за секој од двата вида на награда (стипендија и еднократна парична), во согласност со критериумите од овој Правилник.

Комисијата нема да ги вреднува остварените резултати врз основа на кои ученикот веќе е награден со истиот вид на награда од страна на Општина Штип.

Член 13

Комисијата утврдува Предлог за наградување на ученици што го доставува до Советот на Општина Штип.

Составен дел на Предлогот се ранг-листите за двата вида награди, стипендија и еднократна парична награда.

Општина Штип ги објавува ранг-листите на веб-страната на општината.

Учениците кои аплицирале за награда имаат право да поднесат приговор до Комисијата за образование на Советот на Општина Штип, во рок од 7 (седум) дена по објавувањето на бодовните ранг-листи.

Советот на Општина Штип носи Одлука за наградување, врз основа на Предлогот од страна на Комисијата и целокупната документација на учениците.

Врз основа на донесената Одлука за наградување на учениците од страна на Советот на општината, Градоначалникот донесува Решение за наградување на учениците за особени постигнувања.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Составен дел на овој Правилник се Обрасците за наградување на учениците.

Член 15

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Член 16

Доделувањето на годишните стипендии за учениците, врз основа на овој Правилник, ќе започне да се применува од учебната 2022/2023 година за постигнувањата на учениците во 2021/2022 година.

Број 08 - 2057/1
28 март 2022 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател,

Весна Кожинкова, с.р.

ОПШТИНА ШТИП

**И З Ј А В А**

Јас ____________________________________, изјавувам дека наставникот ______________________________,вработен во ______________________________,го подготвуваше______________________за натпреварите по _______________________.

Давател на изјавата:

(*Име и презиме*) ____________________________

*(потпис)* ____________________________

*(датум)* ____________________________

**ОПШТИНА ШТИП**

# ИЗЈАВА

Од ________________________________________ , со ЕМБГ ___________________

и адреса на живеење ____________________________________од Штип.

Изјавувам дека давам **СОГЛАСНОСТ** за обработка на личните податоци на ученикот/ученичката _______________________________________________ што

се потребни при пријавување на јавниот повик за наградување на ученици за особени постигнувања на државни и меѓународни натпревари од страна на Општина Штип.

Изјавата ја давам

1. во својство на родител/старател (за малолетни ученици)
2. во лично име (за полнолетни ученици)

(да се заокружи 1 или 2)

Изјавил:

(*Име и презиме*) ________________________

*(потпис)* ________________________

*(датум)* ________________________

**ОПШТИНА ШТИП**

| |
|---|
| Примено ________ година<br><br>Архивски број __________ |

# П Р И Ј А В А

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА НАГРАДА
НА УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА НА МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ ВО УЧЕБНАТА ____________ ГОДИНА

На _______________________________________________ со ЕМБГ ____________________
(име и презиме на ученикот)

и адреса на живеење ________________________________________, Општина Штип,

ученик во ___________________________________________________од _______________
(одделение/клас и назив на училиштето) (град/место)

**Податоци за подносителот на пријавата:**

Име и презиме на подносителот на пријавата: ___________________________________

Пријавата ја поднесувам во

1. Лично име
2. Својство на родител/старател
3. Својство на наставник-ментор
(да се заокружи 1, 2, или 3)

Контакт телефон на подносителот на пријавата: _________________________

Е-маил адреса на подносителот на пријавата: ___________________________________

Адреса на подносителот на пријавата: __________________________________________

**Меѓународни натпревари и освоени награди на ученикот (до три):**

| | Назив на натпреварот и линк до конечната ранг-листа | Награда /медал | Област /предмет | Одд/клас/ возраст | Држава, град и дата на одржување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |

**Приложени документи (да се заокружи):**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Доказ за идентитетот на ученикот (извод од Матичната книга на родени, копија од лична карта или валидна патна исправа) | ДА НЕ |
| 2 | Потврда за редовен ученик, или фотокопија од диплома за завршено средно образование во претходната учебна година | ДА НЕ |
| 3 | Уверение за државјанство за ученикот | ДА НЕ |
| 4 | Фотокопија од дипломата, односно сертификатот за освоената прва, втора, или трета награда, односно златен, сребрен, или бронзен медал на меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки (за секој од натпреварите) | ДА НЕ |
| 5 | Конечна ранг-листа, отпечатена од официјалната веб страна на натпреварот/организаторот (за секој од натпреварите) | ДА НЕ |
| 6 | Доказ дека натпреварот е меѓународен и дека учествувале ученици од најмалку 10 различни држави (за секој од натпреварите) | ДА НЕ |
| 7 | Копија од трансакциска сметка за ученикот (трансакциската сметка да биде на име на ученикот, не на родител/старател) | ДА НЕ |
| 8 | Изјава потпишана од ученикот/родителот/старателот дека тоа е наставникот кој му го предава предметот од една од областите во кои ученикот се натпреварувал и го подготвувал за натпреварот (доколку подносител на пријавата е наставникот-ментор) | ДА НЕ |
| 9 | Доказ за родителство/старателство (доколку подносител е родителот/старателот) | ДА НЕ |
| 10 | Изјава за согласност за обработка на личните податоци | ДА НЕ |

**Дополнителни релевантни информации (не е задолжително):**

| |
|---|
| |

Место и дата
на пријавата:

Подносител

______________________
(име презиме)

______________________
(потпис)

**ОПШТИНА ШТИП**

Примено ________ година

Архивски број __________

# П Р И Ј А В А

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА НА УЧЕНИЦИ
ОД ОПШТИНА ШТИП ЗА ОСОБЕНИ ПОСТИГНУВАЊА НА ДРЖАВНИ И МЕЃУНАРОДНИ
НАТПРЕВАРИ ВО УЧЕБНАТА _______________ГОДИНА

На ________________________________________ со ЕМБГ ____________________
(име и презиме на ученикот)

и адреса на живеење ________________________________________, Општина Штип,

ученик во ___________________________________________________ од _______________
(одделение/клас и назив на училиштето) (град/место)

**Податоци за подносителот на пријавата:**

Име и презиме на подносителот на пријавата: ____________________________________

Пријавата ја поднесувам во

1. Лично име
2. Својство на родител/старател
3. Својство на наставник-ментор
   (да се заокружи 1, 2, или 3)

Контакт телефон на подносителот на пријавата: __________________________

Е-маил адреса на подносителот на пријавата: ____________________________________

Адреса на подносителот на пријавата: ____________________________________________

**Натпревари и освоени награди на ученикот (до три):**

| | Назив на натпреварот и линк до конечната ранг-листа | Награда /медал | Област /предмет | Одд/клас/ возраст | Држава, град и дата на одржување |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | | |
| 2 | | | | | |
| 3 | | | | | |

**Приложени документи (да се заокружи):**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Доказ за идентитетот на ученикот (извод од Матичната книга на родени, копија од лична карта или валидна патна исправа) | ДА НЕ |
| 2 | Потврда за редовен ученик, или фотокопија од диплома за завршено средно образование во претходната учебна година | ДА НЕ |
| 3 | Уверение за државјанство за ученикот | ДА НЕ |
| 4 | Фотокопија од дипломата, односно сертификатот за освоената награда (за секој од натпреварите) | ДА НЕ |
| 5 | Конечна ранг-листа, отпечатена од официјалната веб страна на натпреварот/организаторот (за секој од натпреварите) | ДА НЕ |
| 6 | Доказ дека натпреварот е меѓународен и дека учествувале ученици од најмалку 10 различни држави (за награди на меѓународни натпревари) | ДА НЕ |
| 7 | Копија од трансакциска сметка за ученикот (трансакциската сметка да биде на име на ученикот, не на родител/старател) | ДА НЕ |
| 8 | Изјава потпишана од ученикот/родителот/старателот дека тоа е наставникот кој му го предава предметот од една од областите во кои ученикот се натпреварувал и го подготвувал за натпреварот (доколку подносител на пријавата е наставникот-ментор) | ДА НЕ |
| 9 | Доказ за родителство/старателство (доколку подносител е родителот/старателот) | ДА НЕ |
| 10 | Изјава за согласност за обработка на личните податоци | ДА НЕ |

**Дополнителни релевантни информации (не е задолжително):**

| |
|---|
| |

Место и дата
на пријавата:

Подносител

______________________
(име презиме)

______________________
(потпис)

232.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ И НА ДИРЕКТОРОТ НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“ ШТИП ЗА 2022 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Општинска Јавна установа за деца-детска градинка „Астибо“ Штип за 2022 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2058/2 Општина Штип
30 март 2022 година Градоначалник

Штип Иван Јорданов, с.р.

233.

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ број 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20 и 294/21) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ И НА ДИРЕКТОРОТ НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА- ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“-ШТИП ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Општинска јавната установа за деца- детска градинка „Астибо“-Штип за 2022 година.

Член 2

Вредноста на бодот за платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Општинска јавната установа за деца - детска градинка „Астибо“-Штип за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година изнесува 81,6 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2058/1
28 март 2022 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

234.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ И НА ДИРЕКТОРОТ НА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА-ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“ ШТИП ЗА 2022 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавна установа за деца-Општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ Штип за 2022 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2059/2 Општина Штип
30 март 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

235.

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ број 104/19, 146/19, 275/19 и 311/20 и 294/21) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ
НА ПЛАТИТЕ НА ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ И НА ДИРЕКТОРОТ
НА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ОПШТИНСКА ДЕТСКА ГРАДИНКА
“ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“ ШТИП ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавна установа за деца општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ Штип за 2022 година.

Член 2

Вредноста на бодот за платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавна установа за деца општинска детска градинка „Вера Циривири Трена“ Штип за периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година изнесува 81,6 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2059/1 Совет на Општина Штип
28 март 2022 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

236.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина

Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАНБЕНА УЛИЦА АСНОМ КРАК 1“ ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Реконструкција на станбена улица АСНОМ КРАК 1“ Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2060/2 Општина Штип
30 март 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

237.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТАНБЕНА УЛИЦА АСНОМ КРАК 1“ ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Општина Штип ќе учествува во реализацијата на проектот „Реконструкција на станбена улица АСНОМ КРАК 1“ Општина Штип, со сопствено учество во износ од 225.776,00 денари без вклучен ДДВ.

Член 2

Проектот „Реконструкција на станбена улица АСНОМ КРАК 1“ Општина Штип ќе биде аплициран до Министерството за транспорт и врски по распишаниот Јавен повик за поднесување на барања за користење на средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

Данокот на додадена вредност е обврска за плаќање на Општина Штип како подносител на барањето.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2022 година.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2060/1<br>28 март 2022 година<br>Ш т и п

Совет на Општина Штип<br>Претседател<br>Весна Кожинкова, с.р.

238.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ„ИЗГРАДБА НА УЛИЦА БРОЈ 1 ВО НАСЕЛБА СВЕТА НЕДЕЛА“ ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Изградба на улица број 1 во населба Света Недела“ Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2061/2
30 март 2022 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

239.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО
НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ
„ИЗГРАДБА НА УЛИЦА БРОЈ 1 ВО НАСЕЛБА СВЕТА НЕДЕЛА“
ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Општина Штип ќе учествува во реализацијата на проектот „Изградба на улица број 1 во населба Света Недела“ Општина Штип, со сопствено учество во износ од 165.341,00 денари без вклучен ДДВ.

Член 2

Проектот „Изградба на улица број 1 во населба Света Недела“ Општина Штип ќе биде аплициран до Министерството за транспорт и врски по распишаниот Јавен повик за поднесување на барања за користење на средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2022 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите.

Данокот на додадена вредност е обврска за плаќање на општина Штип како подносител на барањето.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2022 година.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2061/1
28 март 2022 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

240.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА СОЈУЗ НА БОРЦИТЕ ОД НАРОДНО ОСЛОБОДИТЕЛНАТА И АНТИФАШИСТИЧКА ВОЈНА НА МАКЕДОНИЈА 1941-1945 ГОДИНА НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства на Сојуз на борците од Народно ослободителната и Антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 година на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2062/2 Општина Штип
30 март 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

241.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 28 март 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА СОЈУЗ НА БОРЦИТЕ ОД НАРОДНО ОСЛОБОДИТЕЛНАТА И АНТИФАШИСТИЧКА ВОЈНА НА МАКЕДОНИЈА 1941-1945 ГОДИНА НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Сојуз на борците од Народно ослободителната и антифашистичка војна на Македонија 1941-1945 година на Општина Штип, за финансирање на тековни активности, во висина од 20.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2022 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-2062/1
28 март 2022 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

242.

